# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 12 Год. LXI Вторник, 22 февруари 2005 Цена на овој број е 390 денари
www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

С О Д Р Ж И Н А

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 202. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија......................... | 2 |
| 203. | **Закон** за изменување на Законот за личната карта…………………......... | 2 |
| 204. | **Одлука** за разрешување од функцијата заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје……………………………… | 3 |
| 205. | **Одлука** за избор на претседатели на основни судови.................................... | 3 |
| 206. | **Одлука** за избор на судии на основните судови.......................................... | 3 |
| 207. | **Одлука** за избор на судии-поротници во Основниот суд – Делчево............... | 3 |
| 208. | **Одлука** за избор на судии поротници во Основниот суд – Куманово............. | 4 |
| 209. | **Одлука** за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија................ | 4 |
| 210. | **Одлука** за избор на претседател, потпретседатели, членови и нивни заменици на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација........................................ | 5 |
| 211. | **Одлука** за именување претседател и членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата.................................... | 5 |
| 212. | **Одлука** за огласување избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија................................................ | 5 |
| 213. | **Одлука** за огласување избор на претседател на Основниот суд – Струмица....... | 5 |
| 214. | **Одлука** за купување на недвижен имот – градежни објекти...................... | 6 |
| 215. | **Одлука** за давање согласност за целосен пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина – олово и цинк од лежиштето Злетово, Пробиштип......................................................... | 6 |
| 216. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за распоредување на нераспоредената добивка за финансиската 2003 година.......................................... | 6 |
| 217. | **Одлука** за одобрување на Статутот на „Водостопанство Брегалница“ – Кочани................................................. | 7 |
| 218. | **Одлука** за одобрување на Статутот на „Водостопанство Тиквеш“ – Кавадарци.................................................... | 7 |
| 219. | **Одлука** за давање согласност на Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија Ц.О. – Скопје за период од 01.01.2003 до 31.12.2003 година................................................... | 7 |
| 220. | **Наредба** за целосна забрана за риболов на Охридското Езеро............. | 7 |
| | **Објава** за коефициентите за порастот на цените и порастот на трошоците на живот во Република Македонија за месец јануари 2005 година–претходни податоци ……..………………… | 7 |
| | **Соопштение** од Државниот завод за ревизија…………………………….. | 7 |
| | **Огласен дел**......................................... | 1-152 |

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**202.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 17 февруари 2005 година.

Бр. 07-700/1
17 февруари 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**д-р Љупчо Јордановски,** с.р.

### З А К О Н
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 55/2004), во членот 10 под б) точката 73 по зборот "Општина" зборовите: "Чешиново со седиште во село Чешиново" се заменуваат со зборовите: "Чешиново-Облешево со седиште во село Облешево".

Член 2

Во членот 12 став 1 точка 70 по зборот "Брештани" се додава зборот "Броштица".

Во точката 72 по зборот "Општина" зборот "Чешиново" се заменува со зборовите: "Чешиново-Облешево".

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

### L I G J I
### PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR ORGANIZIMIN TERRITORIAL TË VETADMINISTRIMIT LOKAL NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË

Neni 1

Në Ligjin për organizim territorial të vetadministrimit lokal në Republikën e Maqedonisë ("Gazeta zyrtare e RM" nr. 55/04), në nenin 10 nën b), në pikën 73 pas fjalës "Komuna", fjalët "Çeshinovë me seli në fshatin Çeshinovë" zëvendësohet me fjalët "Çeshinovë-Obleshevë me seli në fshatin Obleshevë".

Neni 2

Në nenin 12 paragrafi 1, pika 70. pas fjalës "Breshtan" shtohet fjala "Broshticë".

Në pikën 72. pas fjalës "Komuna" fjala "Çeshinovë" zëvendësohet me fjalët "Çeshinovë-Obleshevë".

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi me ditën e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**203.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛИЧНАТА КАРТА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за личната карта,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 17 февруари 2005 година.

Бр. 07-701/1
17 февруари 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**д-р Љупчо Јордановски,** с.р.

### З А К О Н
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛИЧНАТА КАРТА

Член 1

Во Законот за личната карта ("Службен весник на Република Македонија" број 8/95, 38/2002 и 16/2004), во членот 5 ставот 6 се менува и гласи:

"На граѓаните кои зборуваат јазик различен од службениот јазик, на нивно лично барање, податоците за личното име што се внесуваат во личната карта се запишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото што го употребува граѓанинот."

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

### L I G J I
### PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR LETËRNJOFTIM

Neni 1

Në ligjin për letërnjoftim ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 8/95, 38/2002 dhe 16/2004), në nenin 5 paragrafi 6 ndryshon si vijon:

"Qytetarëve të cilët flasin gjuhë që ndryshon nga gjuha zyrtare, me kërkesën e tyre personale, të dhënat për emrin personal që inkorporohen në letërnjoftim, regjistrohen në gjuhën maqedonishte dhe alfabetin e saj cirilik dhe në gjuhën e alfabetin që e përdor qytetari".

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi me ditën e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

**204.**

Врз основа на член 58 став 1 точка 1 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/2004), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 15 февруари 2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ЗАМЕНИК НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ НА ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО СКОПЈЕ**

1. Од функцијата заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје се разрешува Милан Гелевски, по негово барање.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-668/1
15 февруари 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

**205.**

Врз основа на член 68 став 1 алинеја 15 од Уставот на Република Македонија и членовите 38 и 45 став 1 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 36/95 и 64/2003), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 15 февруари 2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА ОСНОВНИ СУДОВИ**

1. За претседател на Основниот суд Скопје I – Скопје е избрана Добрила Кацарска.

2. За претседател на Основниот суд - Куманово е избран Селвер Исмани.

3. За претседател на Основниот суд - Тетово е избран Џемајли Арифи.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-667/1
15 февруари 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

**206.**

Врз основа на член 68 став 1 алинеја 15 од Уставот на Република Македонија и член 38 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 36/95 и 64/2003), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 15 февруари 2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ НА ОСНОВНИТЕ СУДОВИ**

1. За судии на Основниот суд Скопје I - Скопје, се избрани:

- Снежана Богдановска, државен советник во Врховниот суд на Република Македонија,
- Татјана Дуковска, советник во Апелациониот суд - Скопје и
- Гордана Јакова, виш соработник во Апелациониот суд - Скопје.

2. За судија на Основниот суд - Тетово, е избран

- Сабаудин Шасивари, адвокат од Тетово.

3. За судии на Основниот суд - Велес, се избрани:

- Иле Танев, советник во Основниот суд - Велес и
- Аница Теова, стручен соработник во Основното јавно обвинителство - Велес.

4. За судии на Основниот суд - Кавадарци, се избрани:

- Лидија Ридова, стручен соработник во Основниот суд - Кавадарци и
- Зоран Јосифовски, секретар на Основниот суд - Кавадарци.

5. За судии на Основниот суд - Струмица, се избрани:

- Цона Каламерникова, самостоен судски советник во Основниот суд - Струмица,
- Валентина Митева, самостоен судски советник во Основниот суд - Струмица и
- Борис Чамовски, советник во Јавното правобранителство на Република Македонија - подрачје Струмица.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-666/1
15 февруари 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

**207.**

Врз основа на член 39 став 2 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 36/95 и 64/2003), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 15 февруари 2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ-ПОРОТНИЦИ ВО ОСНОВНИОТ СУД - ДЕЛЧЕВО**

I. За судии поротници во Основниот суд - Делчево се избрани:

1. Зоран Николовски,
2. Спириндон Ѓорѓиевски,
3. Горан Златков,
4. Благојчо Васевски,
5. Галина Арсовска,
6. Марија Ристовска,
7. Стојка Јанковска,
8. Ванчо Филабок,
9. Емилија Симовска,
10. Милка Новоселска,
11. Неима Пашовска,
12. Љубица Таќева,
13. Лимонка Антова,
14. Румена Златкова,
15. Блаже Ангеловски,
16. Ленка Јангеловска,
17. Верка Тричковска,
18. Блашка Горговска,
19. Витка Синдраковска,
20. Светлана Атанасовска,
21.Миле Митев,
22. Лимонка Арсовска,
23. Виолета Стефановска,
24. Ленче Митевска,
25. Латинка Донева,
26. Лилјана Ѓорѓиевска,
27. Јасминка Пауновска,
28. Благица Ристова,
29. Радмила Убавелска,
30. Тони Иванов,
31. Божин Стојменов,
32. Драган Димитровски,
33. Снежана Ѓорѓиевска,
34. Елизабета Тасева,
35. Надица Стоименова,
36. Вероника Петровска,
37. Љубе Петровски,
38. Душан Манчевски,
39. Голубина Христова и
40. Славе Стојчевски.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-669/1
15 февруари 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

**208.**

Врз основа на член 39 став 2 од Законот за судовите (“Службен весник на Република Македонија” бр. 6/95 и 64/2003), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 15 февруари 2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ ВО ОСНОВНИОТ СУД - КУМАНОВО**

I. За судии поротници во Основниот суд - Куманово се избрани:

1.Софија Крстевска,
2. Мирјана Димовска,
3. Калина Паневска,
4. Васе Китановски,
5. Пера Бојковски,
6. Бранка Марковска,
7. Станислав Стефановски,
8. Јаков Ламбаша,
9. Славица Ламбаша,
10. Александар Стоѓиќ,
11. Мимоза Николовска,
12. Маре Китановска,
13. Маре Денковска,
14. Ратко Тодоровски,
15. Слободан Ѓорѓиевски,
16. Снежана Михајловска,
17. Олгица Станковска,
18. Лилјана Димитриевска,
19. Блашка Николовска,
20. Бранислав Георгиевски,
21.Љиљана Суботиќ,
22. Бајрам Камбери,
23. Гордица Сариќ,
24. Томислав Сариќ,
25. Мелита Алексиќ,
26. Елена Михајловска,
27. Грозданка Зафировска,
28. Љиљана Величковска,
29. Јасмина Кузмановска,
30. Ленче Тодоровиќ,
31. Марјан Максимовски,
32. Весна Станковска,
33. Анкица Спасиќ,
34. Маја Димитриевска,
35. Трајче Кузмановски,
36. Добрила Обрадовска,
37. Благица Насковска,
38. Снежана Јакимовиќ,
39. Марјан Перчиновски,
40. Фадиљ Шабани,
41. Верка Тасевска,
42. Ленка Орозовска,
43. Тони Митровски,
44. Татјана Андонова,
45. Димка Цветановска
46. Весна Станковска,
47. Тихомир Петковиќ,
48. Стојан Каранфилов,
49. Славка Трајковска,
50. Пенка Путинска,
51. Радмила Стојчевска,
52. Славчо Краљевски,
53. Миладин Бакиќ,
54. Анка Зиковска,
55. Мухарем Раховица,
56. Наташа Струменикова,
57. Јелица Спасовска,
58. Авни Алили,
59. Оливера Доцевска,
60. Димитар Арсовски,
61. Зденка Арсовска,
62. Слободан Петровски,
63. Гордана Поповска,
64. Евгенија Соларска,
65. Мирослав Ангеловски,
66. Јован Поповски,
67. Мерлин Стојановска,
68. Вера Трајковска,
69.Стојко Николовски,
70. Драгомир Цветковиќ,
71. Дарка Живковиќ,
72. Јадранка Арсовска,
73. Трајче Николовски,
74. Наум Јовановски,
75. Иконоја Николовска,
76. Рада Мучевска,
77. Лилјана Лазаревска и
78. Јаворка Јакимовска.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-670/1
15 февруари 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

---

**209.**

Врз основа на член 76 став 1 од Уставот на Република Македонија и член 114 став 1, а во врска со членот 116 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 15 февруари 2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ, ЗАМЕНИЦИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА КОМИСИИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Во Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 92/2002, 98/2002, 37/2003, 39/2003, 68/2003, 2/2004, 4/2004, 6/2004, 33/2004, 38/2004, 44/2004, 74/2004, 88/2004 и 6/2005) во точките:

3) Комисијата за одбрана и безбедност, под в) за членови: наместо "Талат Џафери" треба да стои "Назми Беќири".

5-а) Комисија за европски прашања, под в) за членови: наместо "Талат Џафери" треба да стои "Јусуф Арифи".

8) Комисија за финансирање и буџет, под в) за членови: наместо "Талат Џафери" треба да стои "Агим Целили".

7) Комисија за надзор на работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање, под г) за заменици на членовите: наместо "Талат Џафери" треба да стои "Јусуф Арифи".

14) Комисија за здравство, под в) за членови: наместо "Назми Беќири" треба да стои "Селвије Салиу" и

15) Комисија за труд и социјална политика, под в) за членови: наместо "Г'зим Острени" треба да стои "Селвије Салиу".

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-673/1
15 февруари 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

**210.**

Врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, член 227 од Деловникот на Собранието на Република Македонија и член 3 од Одлуката за основање делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација ("Службен весник на Република Македонија" бр. 88/2004), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 15 февруари 2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПАРЛАМЕНТАРНИОТ КОМИТЕТ ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА

I. Во Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација, се избираат:

а) за претседател
Андреј Жерновски,

б) за потпретседатели:
Теута Арифи и
Слободан Чашуле,

в) за членови:
Јани Макрадули,
Благородна Мингова-Крепиева,
Цветанка Иванова,
Иван Анастасовски,
Аднан Јашари,
Ејуп Рустеми,
Лилјана Ивановска,
Нежд[е]т Мустафа,
Ганка Самоиловска-Цветанова,
Зоран Крстевски,
Замир Дика и
Марјан Горчев,

г) за заменици членови:
Цветанка Гашоска,
Јанаќе Витановски,
Ристе Бислимовски,
Емилија Костадинова,
Рафед Муминовиќ,
Гајур Сарач,
Нелко Стојаноски,
Јусуф Арифи,
Џашко Кедев,
Ѓорѓи Оровчанец,
Абдулади Вејсели и
Џевдет Насуфи.

II. Со денот на влегувањето на сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија за соработка со Европскиот парламент ("Службен весник на Република Македонија" бр. 92/2002, 51/2003, 2/2004, 4/2004 и 6/2004).

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-674/1
15 февруари 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

---

**211.**

Врз основа на член 25 од Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 4/2005), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 15 февруари 2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

I. За претседател и членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата, се именуваат:

а) за претседател
Панче Бардаров, досегашен директор на Монополската управа во Министерството за економија,

б) за членови:
Ѓорѓи Бајлозов, државен службеник во Министерството за економија, Монополска управа,
Валентин Пепељугоски, професор на ФОН,
Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, продекан на Правниот факултет и
Џемаил Даути, директор на приватна фирма.

II. Претседателот и членот на Комисијата Ѓорѓи Бајлозов, ќе бидат професионално ангажирани во работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-675/1
15 февруари 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

---

**212.**

Врз основа на членовите 42 и 43 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 36/95 и 64/2003), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 15 февруари 2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОГЛАСУВАЊЕ ИЗБОР НА СУДИИ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Собранието на Република Македонија огласува дека ќе врши избор на двајца судии на Врховниот суд на Република Македонија.

2. Заинтересираните кандидати, кои ги исполнуваат условите предвидени во членот 43 од Законот за судовите (државјанин на Република Македонија, кој ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос во орган на државната управа, кој е дипломиран правник со положен правосуден испит, кој ужива углед за вршење на судиската функција, кој е истакнат правен стручњак и кој има работно искуство со потврдени резултати на правни работи над 12 години), пријавите со потребните документи да ги поднесат до Републичкиот судски совет во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката во "Службен весник на Република Македонија".

3. Оваа одлука ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија" и во весниците "Нова Македонија", "Утрински весник" и "Македонија денес".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-671/1
15 февруари 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

---

**213.**

Врз основа на членовите 42 и 45 став 1 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" број 36/95 и 64/2003), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 15 февруари 2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОГЛАСУВАЊЕ ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСНОВНИОТ СУД - СТРУМИЦА

1. Собранието на Република Македонија огласува дека ќе врши избор на претседател на Основниот суд - Струмица.

2. Заинтересираните кандидати, пријавите да ги поднесат до Републичкиот судски совет во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката во "Службен весник на Република Македонија".

3. Оваа одлука ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија” и во весниците “Нова Македонија”, “Утрински весник” и “Македонија денес”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-672/1
15 февруари 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

---

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**214.**

Врз основа на член 13, став 1 од Законот за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат и располагаат (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/02) и член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00 и 12/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.02.2005 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА КУПУВАЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ

Член 1

Да се изврши купување на недвижен имот - градежни објекти кои се состојат од силоси наменети за сите видови на житни култури со капацитет од 40.000 тони, со комплетна опрема, инфраструктура и придружни објекти.

Член 2

Недвижниот имот од член 1 на оваа одлука се наоѓа во Прилеп на ул. “Кичевско џаде“ бб, на КП 5725 и се состои од следните објекти:

- силоси парчиња 32 со п-3,5 м и Н=40м;
- колска вага од 60 тона, со површина од 39,50 $м^2$;
- дел од машинска кула со површина од 808,88 $м^2$;
- портирница со вкупна површина од 90,80 $м^2$;
- управна зграда со вкупна површина од 240 $м^2$;
- гаражи на со вкупна површина од 233,86 $м^2$;
- машинска опрема од силосите и машинската кула.

Објектите од став 1 на овој член се евидентирани во Имотен лист бр. 4174, КО Варош - Прилеп, издаден од Одделението за премер и катастар Прилеп под број 1217-4748/3 од 2.11.2004 година.

Член 3

Недвижниот имот и опремата се во сопственост на поранешните вработени од Ф-ка за Пивски слад Прилеп - во ликвидација, врз основа на решение на Основниот суд во Прилеп Ст. бр. 107/2002 од 31.05.2004 и Ст. бр. 107/2002 од 12.01.2005 година.

Член 4

Недвижниот имот од член 1 на оваа одлука се купува за Република Македонија, а за потребите на Министерството за финансии - Бирото за стоковни резерви.

Член 5

Купопродажната цена на недвижниот имот од член 1 на оваа одлука изнесува 321.000,00 ЕУР, плус данок на имот, во денарска противвредност сметано по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на исплатата.

Недвижниот имот да се плати со средства од сметката за самофинансирачки активности на Бирото за стоковни резерви.

Договорот за купопродажба на недвижниот имот - градежни објекти од член 1 на оваа одлука ќе го склучи министерот за финансии.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-547/1
17 февруари 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

**215.**

Врз основа на член 8 од Законот за концесии (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/02) и член 93 од Законот за минералните суровини (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/99 и 29/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.02.2005 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ЦЕЛОСЕН ПРЕНОС НА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА - ОЛОВО И ЦИНК ОД ЛЕЖИШТЕТО ЗЛЕТОВО, ПРОБИШТИП

1. Се дава согласност за целосен пренос на концесијата за експлоатација на минералната суровина - олово и цинк од лежиштето Злетово, Пробиштип од Рудници за олово, цинк и преработка “ЗЛЕТОВО“ а.д. (во стечај) Пробиштип на ДПТУ “КСЕМИНЕКС ОЛОВО И ЦИНК РУДНИЦИ“ увоз-извоз, д.о.о. Скопје.

2. Концесијата од точка 1 од оваа одлука се пренесува на ДПТУ “КСЕМИНЕКС ОЛОВО И ЦИНК РУДНИЦИ“ увоз-извоз, д.о.о. Скопје под истите услови под кои е доделена со Договорот за концесија за експлоатација на минералната суровина - олово и цинк од лежиштето Злетово, Пробиштип, заведен во Министерството за стопанство бр. 08-17/2 од 19.06.2000 година, а во Рудници за олово, цинк и преработка “ЗЛЕТОВО“ а.д. Пробиштип бр. 0101-301/1 од 17.07.2001 година, освен во однос на критериумите и висината за определување на надоместокот за концесии за вршење детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини, а согласно Одлуката за определување на критериумите и висината на надоместокот за концесии за вршење детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/03 и 51/03).

3. Како почеток на користење на пренесената концесија од точка 1 на оваа одлука ќе се смета денот на потпишување на Договорот за пренос на концесијата.

4. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот од точка 3 од оваа одлука ќе го склучи министерот за економија по претходно добиена согласност од страна на Владата на Република Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр.19-524/1
17 февруари 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

---

**216.**

Врз основа на член 11, став 1 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96 и 6/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.02.2005 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА НЕРАСПОРЕДЕНАТА ДОБИВКА ЗА ФИНАНСИСКАТА 2003 ГОДИНА

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката за распоредување на нераспоредената добивка за финансиската 2003 година бр. 02-11374/4 од 15.11.2004 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, на седницата одржана на 15.11.2004 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр.19-69/1
17 февруари 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

**217.**

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 2 од Законот за водостопанствата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 85/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.02.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА „ВОДОСТОПАНСТВО БРЕГАЛНИЦА“ - КОЧАНИ**

1. Владата на Република Македонија го одобри Статутот на „Водостопанство Брегалница“ - Кочани, донесен од Одборот на корисници на вода на „Водостопанство Брегалница“ - Кочани, на седницата одржана на 01.11.2004 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-361/1
17 февруари 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

**218.**

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 2 од Законот за водостопанствата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 85/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.02.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА „ВОДОСТОПАНСТВО ТИКВЕШ“ - КАВАДАРЦИ**

1. Владата на Република Македонија го одобри Статутот на „Водостопанство Тикveш“ - Кавадарци, донесен од Одборот на корисници на вода на „Водостопанство Тиквеш“ - Кавадарци, на седницата одржана на 26.10.2004 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-362/1
17 февруари 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

**219.**

Врз основа на член 11, став 1, точка 7 од Законот за јавните претпријатие („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96 и 6/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.02.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Ц.О. - СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2003 ДО 31.12.2003 ГОДИНА**

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија Ц.О. - Скопје за период од 01.01.2003 до 31.12.2003 година, бр. 02-7622/3 од 29.06.2004 година, усвоен од Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, на седницата одржана на 29.06.2004 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-69/2
17 февруари 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

**220.**

Врз основа на член 46 став 1 алинеја 2 од Законот за рибарството (“Службен весник на Република Македонија“ број 62/93), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**Н А Р Е Д Б А**
**ЗА ЦЕЛОСНА ЗАБРАНА ЗА РИБОЛОВ НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО**

1. Заради заштита на рибниот фонд во риболовното подрачје Охридско Езеро, се забранува стопанскиот и спортскиот риболов во времетраење од шест месеци и тоа за периодот од 20.02.2005 година до 20.08.2005 година.

2. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-1231/3
18 февруари 2005 година
Скопје

Министер,
**Садула Дураку,** с.р.

**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА**

Врз основа на чл. 74 од Законот за сметководство (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/93, 48/93, 6/95, 32/98, 39/99 и 70/2001), Државниот завод за статистика ги утврдува и објавува

**КОЕФИЦИЕНТИТЕ**
**ЗА ПОРАСТОТ НА ЦЕНИТЕ И ПОРАСТОТ НА ТРОШОЦИТЕ НА ЖИВОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ ЈАНУАРИ 2005 ГОДИНА**
**- претходни податоци -**

1. Месечниот коефициент на порастот на цените на производители на индустриски производи во јануари 2005 година во однос на декември 2004 е 0.000.

2. Коефициентот на порастот на цените на производителите на индустриски производи од почетокот на годината до крајот на месецот е 0.000.

3. Коефициентот на пораст на цените на производители на индустриски производи во јануари 2005 година во однос на истиот месец од претходната година изнесува 0.012.

4. Коефициентот на пораст на животните трошоци во Република Македонија во јануари 2005 година во однос на просекот на животните трошоци за 2004 година во Република Македонија е - 0.007.

Директор,
**Катерина Костадинова-Даскаловска**, с.р.

**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

С О О П Ш Т Е Н И Е

Државниот завод за ревизија ги информира правните субјекти кои согласно член 29 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/2002 и 98/2002) се должни годишните сметки да ги достават до Државниот завод за ревизија до крајот на месец февруари на тековната година за претходната година, односно во рок од 60 дена од денот на настанувањето на статусната промена, дека приемот на годишните сметки за 2004 година може да се изврши лично и по пошта на адреса: улица “Мршал Тито“ број 12/3, Палата Македонија, 1000 Скопје.

Согласно Упатството донесено од Главниот државен ревизор, а кое се однесува за приемот и евидентирањето на годишните сметки изготвени од буџетите и буџетските корисници, до Државниот завод за ревизија субјектите треба да достават:

1. Пропратно писмо во два (2) примероци во кои се назначени доставените финансиски извештаи и сите прилози кон истите;

2. Годишната сметка која ја сочинуваат основните финансиски извештаи кои вклучуваат:
- Биланс на состојба;
- Биланс на приходите и расходите;
- Консолидиран биланс на капиталниот имот;
- Биланс на задолжување;
- Белешки кон финансиските извештаи.

За сметководството на приходите наплатени од органи (сопствени приходи) треба да се достави и образецот:
- Даночен биланс за пресметка на данокот на добивка;

3. Фотокопија од решението за распределување на деловниот субјект според претежна дејност издадено од Државниот завод за статистика.

4. Писмена изјава од овластено лице на субјектот која треба да содржи:
- Број и намена на сметките со кои располага и преку кои работи субјектот;
- Изјава дека обрасците се потпишани од овластени лица за застапување на субјектот или од лица ополномоштени од застапникот.

Финансиските извештаи треба да се составени на македонски јазик и кирилично писмо. Треба да се искажани во денари. Финансиските извештаи треба да бидат правилно и читливо пополнети со хемиско пенкало, без направени корекции, со полн опис на назив и седиште на субјектот, матичен број, даночен број, лице и телефон за контакт.

# П О В И К
# ЗА ПРЕТПЛАТА НА ИЗДАНИЈАТА ЗА 2005 ГОДИНА

Почитувани корисници на изданијата на ЈП Службен весник на РМ,
Искажувајќи благодарност за соработката во 2004 година, Ве повикуваме на соработка во 2005 година

## ПОРАЧКА - ЗАКЛУЧНИЦА ЗА 2005 ГОДИНА

Со оваа порачка – заклучница неотповикливо се претплатувам на:

**1. Печатеното издание „Службен весник на РМ" за 2005 година** во ______ (_________) примероци;
(со зборови)

**2. Регистар на прописи на РМ за 2005 година** во ______ (_________) примероци;
(со зборови)

**3. WEB – страницата – издание на Службен весник на РМ,** за период од ___ . ____ 2005 до ___ . ___ 200_ година, во ______ (_________) претплатнички акаунти;
(со зборови)

**4. CD-ROM комплет изданија за 2001, 2002, 2003 и 2004 година,** или поединечно во _____ (_______) комплети – примероци.
(со зборови)

### Податоци за претплатникот:

1. Претплатник ______________________
2. Број на про–фактура ______________________
3. Број на примероци ______________________
4. Улица и бр. / п.фах / место ______________________
5. Жиро сметка ______________________
6. Банка ______________________
7. Телефон ______________________
8. Телефакс ______________________
9. e-mail ______________________

**Уплатата ќе ја извршам по добиените профактури, на жиро сметка бр. 300000000188798 – ЈП Службен весник на РМ, Скопје, банка – Комерцијална банка.**

Место и дата М.П. Одговорно лице - нарачател

---

**НАПОМЕНА:**

**1)** Цената за претплата на **„Службен весник на РМ"** за 2005 година изнесува **9.200,00** денари.

**2)** Цената за претплата на **Регистарот на прописи на РМ** за 2005 година изнесува **3.700,00** денари.

Регистарот на прописи на РМ е единствено комплетно издание во Републиката на сите прописи со најбрзо тековно ажурирање и овозможува брзо и лесно пребарување на законската и подзаконската регулатива. Излегува на секои два месеци, а секој претплатник со основната влошка добива гратис кутија-класер.

**3) „Базата на податоци" на ВЕБ страницата,** во која е вградена целокупната законска и подзаконска регулатива од 1945 година до денес (околу 8000 прописи распоредени во 21 области и 60 подобласти), како и тековното издание на службеното гласило „Службен весник на РМ" во дигитална форма по следниве цени:

**За период од 12 месеци,** за претплатниците на печатеното издание „Службен весник на РМ":
- а) **за над десет** претплатнички акаунти .................... **4.880,00** денари по акаунт;
- б) **од шест до десет** претплатнички акаунти ........... **6.588,00** денари по акаунт;
- в) **од еден до пет** претплатнички акаунти ............... **8.540,00** денари по акаунт.

**За период од 12 месеци, за оние кои што не се претплатници** на печатеното издание „Службен весник на РМ":
- а) **за над десет** претплатнички акаунти .................... **9.760,00** денари по акаунт;
- б) **од шест до десет** претплатнички акаунти ......... **10.980,00** денари по акаунт;
- в) **од еден до пет** претплатнички акаунти ............. **12.200,00** денари по акаунт.

**За период од 1 месец,** цената изнесува **1.400,00** денари по претплатнички акаунт.

Прописите од Базата на податоци може да се печатат, со исклучок на прописите и интегралното издание на весникот од тековната година.

**4) CD-ROM изданијата,** во кои се содржани сите прописи издадени во 2001, 2002, 2003 и 2004 година (односно интегрално се содржани изданијата на службеното гласило „Службен весник на РМ") по следните цени:
- **за комплет** изданија (2001, 2002, 2003 и 2004 година) – **5.000,00** денари;
- **за поединечно** издание – **1.500,00** денари по примерок.

**Сите цени се со пресметан ДДВ.**

**Ве молиме порачката – заклучница, потпишана и заверена од овластено лице, да ја испратите на адреса: ЈП Службен весник на РМ, бул. „Партизански одреди" бр. 29 или на п.фах 51, 1000 Скопје.**

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.**
**Телефони: +389-2-3298-860, +389-2-3298-769. Телефакс: +389-2-3112-267.**

**Претплатата за 2005 година изнесува 9.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798. Број за ДДВ МК: 4030987108771.**
**Депонент: Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: Графички центар КМ Креатив - Скопје.**